ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2021 ГОДИНА НА ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА РАДИОТЕРАПИЈА И ОНКОЛОГИЈА СКОПЈЕ
# СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, СОПСТВЕНО УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ЦЕНАТА НА ЗДРАВСТВЕНАТА УСЛУГА И ДРУГИ СРЕДСТВА ЗА СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ (531)

01 2022 06 01/2

**Скопје, март 2023 година**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 8 |
| Финансиски извештаи за 2021 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 9 |
| Биланс на состојба | 10 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 11 |
| - Сметководствени политики | 11-12 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 12- 15 |

**Кратенки користени во Извештајот:**

**ЈЗУ** – Јавни здравствени установи

**Клиника** – Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија Скопје

**Министерство** – Министерство за здравство

**Фонд** – Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:25-217/7

Дата: 13.03.2023

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија Скопје на сметката за сопствени приходи (531) за 2021 година.

Изразено е мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2021 година.

Извршена е ревизија и издаден е Извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите за 2012 година и изразено мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи на Клиниката за 2021 година констатирано е следното:

- слабости во планирањето, реализацијата и контролата на условниот надоместок за набавка на биолошка терапија и отсуство на медицински протоколи/упатства со кои ќе се воспостават правила и утврдат критериуми за приклучување на пациенти на биолошка терапија и
- пописот на побарувањата и обврските не е спроведен во целост и утврдени се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки до одговорните лица.

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата известува дека:

- Клиниката има ненаплатени побарувања од Министерството во износ од за извршени здравствени услуги по програми за здравствена заштита во износ од 161.774 илјади денари и од останати ЈЗУ во износ од 50.792 илјади денари по основ на извршени интерклинички услуги, чија наплата е неизвесна.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 25 – 217/2 од 06.02.2023 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 9 и 10 заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија Скопје на сметката за сопствени приходи, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите за 2012 година и изразено мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи како и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој Извештај се одговорност на раководството на Клиниката застапувана од:

- Спец.д-р Никола Васев, в.д. медицински директор од 20.06.2017 година и
- Нехат Нухи, организациски директор од 25.06.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска

регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени

како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој Извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој Извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 16.01.2023 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 25 – 217/2 од 06.02.2023 година.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Утврдените состојби во точка 4.1.2 од Извештајот на овластениот државен ревизор за финансиските извештаи за сметката за средства од Фондот (737) за неправилности при набавка на биолошка терапија се однесуваат и на оваа сметка. Во период кога сѐ уште не е склучен договор од страна на Министерството, набавувани се лекови на реверс во износ од 3.972 илјади денари.

3.1.2. Со увид во сметководствената евиденција на Клиниката и преземените активности за вршење попис, како и Извештајот за извршениот попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2021 година, дека состојбата на побарувањата и обврските е утврдена врз основа на сметководствена евиденција и од страна на пописната комисија не се преземени активности за утврдување на старосната структура и основот на истите, како и дали се преземени мерки за наплата на побарувањата.

Утврдените состојби не се во согласност со член 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и имаат влијание на целосноста на спроведениот попис.

**Препорака:**

Одговорното лице на Клиниката, одговорните лица номинирани за вршење попис и лицето задолжено за водење сметководство во делот на своите надлежности да преземат активности при вршење на попис на побарувањата и обврските да се утврди старосната структура на истите, причините за нивното настанување целосното и правилно евидентирање во сметководствената евиденција.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од утврдените состојби во точките 3.1. кои претставуваат основ за изразување мислење е:

- слабости во планирањето, реализацијата и контролата на условниот надоместок и
- слабости во спроведениот попис на побарувањата и обврските.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија Скопје на ден 31 декември 2021 година како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија Скопје, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Владата согласно Законот за здравствена заштита носи програми за здравствена заштита со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. Министерството извршило распределба на средствата на ЈЗУ по програми и надзор на спроведување на истите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во програмата, во обем на одобрените средства од Буџетот на РСМ за тековната година.

Во отсуство на пишани критериуми и утврдена постапка за распределба на финансиските средства по програми, истите се одобруваат во вкупен износ на ниво на сите ЈЗУ. Оваа состојба оневозможува:

- транспарентна распределба на средствата на поодделните јавни здравствени установи;
- сообразување на преземените активности и одобрените средства по програми, поради што наплатата на побарувањата по наведените основи од Министерство за здравство не може да се изврши во целост и
- остварување на целите по програми.

На ден 31.12.2021 година Клиниката има ненаплатени побарувања од Министерството за извршени здравствени услуги по програми за здравствена заштита во вкупен износ од 161.774 илјади денари, кои потекнуваат во периодот од 2009 до 2020 година. Во текот на 2021 година не се генерирани нови побарувања бидејќи Министерството започнало со отплата на истите.

Исто така Клиниката има ненаплатени побарувања од останати ЈЗУ во износ од 50.792 илјади денари по основ на издадени фактури за интерклинички услуги чија наплата е отежната и неизвесна.

**Графикон бр.1.** Структура на побарувања




Наведеното има влијание врз финансиската состојба на Клиниката и квалитетот на услугите што се даваат на граѓаните, и создава ризик од застарување на дел од побарувањата. Ревизијата укажува дека е потребно Клиниката во соработка со Министерството и Фондот, да изнајдат решение за надминување на состојбата со ненаплатените побарувања.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2021** | **2020** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 20.653 | 22.353 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 160.506 | 33.669 |
| **Вкупно приходи** | | **181.159** | **56.022** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.3.1. | 149.551 | 39.655 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **149.551** | **39.655** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **149.551** | **39.655** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **31.608** | **16.367** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2021** | **2020** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 31.608 | 16.367 |
| Побарувања | 4.1.2. | 214.795 | 299.080 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.3. | 150 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.4. | 17.957 | 151.060 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.5. | 154 | 167 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 2.953 | 2.331 |
| **Вкупно тековни средства** | | **267.617** | **469.005** |
| **Вкупна актива** | | **267.617** | **469.005** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 1.410 | 947 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.2.2. | 1.543 | 1.385 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.2.3. | 154 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.4. | 264.510 | 466.673 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **267.617** | **469.005** |
| **Вкупна пасива** | | **267.617** | **469.005** |